# Десктоп Apple: Системски претпочитани вредности

**Како macOS Catalina да работи онака како што *вие* сакате.**

Вашиот компјутер Apple ви овозможува да измените голем број различни параметри, или претпочитани вредности, како на пример, јазикот што го користи, датумот и времето, осветленоста на екранот, параметрите за Wi-Fi мрежа и друго.

## Што ќе ви треба

Пред да го почнеме овој дел, вашиот компјутер мора да го има најновиот оперативен софтвер, а тој е **macOS Catalina**. За повеќе информации за macOS, осврнете се на водичот *Десктоп Apple: Безбедност и приватност (Security and privacy)*. Проверете дали компјутерот е приклучен во штекерот, дали е вклучен и дали ја прикажува работната површина (Desktop). Исто така, треба да проверите дали сте ги поврзале правилно глувчето и тастатурата, и дали ги имате при рака името и лозинката на вашата домашна Wi-Fi мрежа.

## Првите чекори

Голем број од параметрите за на вашиот компјутер се контролираат од неговите опции за **Системски претпочитани вредности (System Preferences)**.
За да ги отворите:

1. Кликнете на **иконата Apple** во горниот лев агол на екранот.
2. Во паѓачкиот список што ќе се појави кликнете на **Системски претпочитани вредности (System Preferences).**
3. На екранот ќе се отвори **Панелот на Системски претпочитани вредности (System Preferences panel)**.

На панелот на **Системските претпочитани вредности (System Preferences)** постојат разни број и, групирани според тема. Можете да кликнете на која било икона за да ги разгледате параметрите за таа тема.



Системските претпочитани вредности ви овозможуваат да го приспособите јазикот, датумот, времето, осветленоста на екранот и друго на вашиот компјутер.

# Десктоп Apple: Системски претпочитани вредности

## Како да ги поставите времето и датумот

На панелот на **Системските претпочитани вредности (System Preferences)** најдете ја иконата означена со **Датум и време (Date & Time)**, која што личи на часовник. Кликнете ја за да го отворите менито за **Датум и време (Date & Time)**.

Пред да извршите какви било промени, треба да кликнете на катанецот во долниот лев агол, каде што се вели **Кликнете на катанецот за да извршите промени (Click the lock to make changes)**.

Ќе се појави поле што ви го бара корисничкото име и лозинката на компјутерот. Ова е корисничкото име и лозинката што ги употребувате за да се најавите на компјутерот.

Внесете ја лозинката во полето и кликнете на **Отклучи (Unlock)**.

За да го поставите датумот рачно:

1. Најдете го полето до **Постави датум и време автоматски (Set date and time automatically)** и кликнете го за да не покажува знак за штиклирање.
2. Сега можете да ги измените датумот и времето рачно. Во полето над календарот, кликнете на првиот број што го претставува **денот**. Користете ги копчињата со бројки за да го внесете новиот датум.
3. Исто така, можете да ги користите стрелките горе и долу, или да кликнете на денот што го сакате во **календарот** подолу за да го измените.
4. Кликнете на **месецот** за да ги нагласите, а потоа кликнете на стрелките за да го измените.
5. Потоа, кликнете на **годината** за да ја нагласите, а потоа кликнете на стрелките за да ја измените.



Иконата за Датум и време отвора опции за рачно поставување на календарот и часовникот на компјутерот

За да го поставите времето рачно:

1. Кликнете во полето што го покажува **времето** за да ги нагласите часовите и минутите.
2. Користете ја тастатурата или кликнете на стрелките горе/долу за да ги измените **часот, минутата и секундата** и дали е **претпладне (AM)** или **попладне (PM)**.

Кога ќе бидете задоволни со датумот и времето што ги внесовте, кликнете на копчето **Зачувај (Save)** за да го поставите.

# Десктоп Apple: Системски претпочитани вредности

## Како да ја поставите временската зона

Исто така, вашиот компјутер сака да знае во која временска зона живеете. За да ја поставите вашата временска зона:

1. Најпрво кликнете на картичката **Временска зона (Time Zone)** што се наоѓа во горниот дел од панелот, за да ги видите опциите за **Временска зона (Time Zone)**.
2. Отштиклирајте ја опцијата **Постави го времето автоматски според тековната локација (Set time zone automatically using current location)**.
3. Ќе се појави мапа што ја покажува временската зона што вашиот компјутер ја употребува во моментот. Таа е исто така напишана и под мапата, со поле што го покажува најблискиот град.
4. На мапата, кликнете и влечете го малото сино копче за да ја измените неговата местоположба на мапата. Деталите под мапата се менуваат кога го движите копчето.
5. Исто така, можете да кликнете на стрелката во полето **Најблизок град (Closest City)** за да видите список и да изберете друг град.



Вашиот компјутер ги прикажува автоматски времето и датумот во локацијата во која се наоѓате

## Дозволете му на компјутерот да ги постави датумот и времето

Да го оставите компјутерот да ги контролира датумот и времето е практично, па затоа, најдобро е да ги оставите параметрите **Постави го времето автоматски** и **Постави ја временската зона автоматски** вклучени.

1. Кликнете во полето до **Постави ја временската зона автоматски** за да стане сино со знак за штиклирање.
2. Кликнете на картичката **Датум и време (Date & Time)** за да се вратите во тоа мени, и потоа кликнете во полето до **Постави го времето автоматски** за да стане сино со знак за штиклирање.
3. За да завршите, кликнете на **катанецот** за да ги зачувате овие параметри.

Сега вашиот компјутер ќе ги приспособува времето и датумот автоматски.

# Десктоп Apple: Системски претпочитани вредности

## Како да го поставите јазикот на компјутерот

За да ги измените параметрите за јазик на компјутерот, најпрво кликнете на копчето **Покажи сè (Show All)** што се наоѓа во горниот дел на панелот за **Датум и време (Date & Time)**, за да се вратите во панелот **Системски претпочитани вредности (System Preferences)**.

Кликнете на иконата **Јазик и регион (Language & Region)** што личи на знаме. Ќе се појави менито **Јазик и регион (Language & Region)**.

Лево можете да ги видите претпочитаните јазици, што може да го набројуваат само **англискиот (English)**. Подолу би требало да стои **англиски (Австралија) - Примарен (English (Australia) - Primary)**, што значи дека е главниот јазик што се употребува на вашиот компјутер.

За да изберете друг јазик:

1. Кликнете на знакот **+** под списокот со **Претпочитани јазици (Preferred languages)**.
2. Ќе се појави список со достапни јазици. Прелистајте до јазикот што го сакате и кликнете на него.
3. Кликнете на копчето **Додај (Add)** за да го изберете тој јазик.
4. Ќе се појави ново поле и тогаш можете да го означите овој нов јазик како ваш примарен јазик. За да се примени оваа промена, ќе треба да го рестартирате вашиот компјутер.

## Како да го проверите и поставите регионот на компјутерот

Треба да го изберете точниот регион за да бидете сигурни дека компјутерот ви дава точни информации, дека добива ажурирања што се специфични за Австралија и дека користи австралиски формат на датум, време и календар.

Во десната страна на менито **Јазик и регион (Language & Region)** можете да видите детали за вашиот регион, календар и други вообичаени формати.

За да го поставите регионот на Австралија:

1. Кликнете на **Регион (Region)**.
2. Прелистајте со **Океанија (Oceania)**.
3. Кликнете на **Австралија (Australia)**.

Кога ќе завршите, кликнете на црвената точка во горниот лев дел за да го затворите менито **Јазик и регион (Language & Region)**.

# Десктоп Apple: Системски претпочитани вредности

## Како да ја измените јачината на звукот и осветленоста на екранот

Тастатурата на Apple има специјални копчиња за да ја приспособите бргу јачината на звукот на звучниците и осветленоста на екранот. Тие се наоѓаат во горниот ред на тастатурата, над копчињата со броеви.

За да ја приспособите јачината на звукот со тастатурата:

1. Ако користите тастатура на Apple, притиснете го копчето **F12** за да ја зголемите јачината на звукот, а копчето **F11** за да ја намалите. На екранот ќе се појави икона со звучник што ја прикажува промената на јачината на звукот.
2. Можете да го исклучите звукот ако притиснете на копчето **F10**. Притиснете повторно на **F10** за да го вклучите.



Иконата со звучник ги покажува промените во јачината на звукот

За да ја приспособите јачината на звукот со глувчето:

1. Ако тастатурата нема копчиња за јачина на звукот, можете да ја приспособите со глувчето. Во горниот десен дел на екранот, најдете ја **иконата со звучник** и кликнете еднаш на неа.
2. Ќе се појави лизгачка контрола. Употребете го глувчето за да го лизгате копчето на контролата надесно за да ја зголемите јачината на звукот, а налево за да ја намалите.

За да ја приспособите осветленоста на екранот со тастатурата:

1. Ако користите тастатура на Apple, можете да ја измените осветленоста на екранот со копчињата **F1** и **F2**. Исто така, можете да забележите дека на овие копчиња постои знак со сонце или сијалица.
2. Притиснете го поголемото сонце ја зголемите осветленоста, а помалото за да ја намалите. На екранот ќе се појави икона што ја покажува осветленоста што се зголемува или намалува.



Иконата што личи на сонце или сијалица ги покажува промените во осветленоста на екранот

# Десктоп Apple: Системски претпочитани вредности

За да ја приспособите осветленоста на екранот со глувчето:

1. Кликнете на иконата **Apple** што се наоѓа во горниот лев дел на екранот и потоа кликнете на **Системски претпочитани вредности (System Preferences)** во паѓачкиот список.
2. Во списокот со икони што се појавува, изберете **Екрани (Displays)**. Ќе се отвори мени во кое **Екрани (Display)** треба да биде нагласено во горниот дел со сина боја.
3. Исто така, ќе видите лизгачка контрола за осветленост. Користете го глувчето за да го лизгате крукчето на линијата надесно и да ја зголемите осветленоста.
4. Користете го глувчето за да го лизгате крукчето на линијата налево и да ја намалите осветленоста.

Кога го движите лизгачот, екранот ќе станува посветол или потемен. Кога ќе го најдете нивото што ви одговара, кликнете на црвеното копче во горниот лев дел за да го зачувате изборот и да ги затворите **Системските претпочитани вредности (System Preferences)**.

## Како да проверите дали вашиот компјутер е поврзан на Wi-Fi мрежата

Вашиот компјутер ја помни домашната Wi-Fi мрежа и се поврзува автоматски на неа секојпат кога го вклучувате. Но, понекогаш можеби ќе треба да ја проверите врската или да се поврзете повторно рачно.

За да проверите дали Wi-Fi мрежата е вклучена и поврзана:

1. Во горниот десен дел на екранот најдете збир заоблени линии што изгледаат како парче колач. Ова е **иконата за Wi-Fi**.
2. Ако сите линии се црни, тоа значи дека сте поврзани на интернет.
3. Ако Wi-Fi мрежата е исклучена, ќе гледате празен триаголник со заоблена горна линија.
4. Ако линиите на иконата на Wi-Fi мрежата се сиви, тоа значи дека Wi-Fi мрежата на компјутерот е вклучена, но не е поврзана.




Иконата за Wi-Fi се наоѓа во горниот десен дел на компјутерскиот екран

**Запомнете - јавните Wi-Fi-мрежи може да не бидат безбедни. Не треба да користите кои било јавни Wi-Fi мрежи за онлајн банкарски услуги и други задачи што ги вклучуваат вашите лични детали.**

# Десктоп Apple: Системски претпочитани вредности

Ако Wi-Fi мрежата е исклучена:

1. Кликнете на иконата за **Wi-Fi** и ќе се појави паѓачко мени.
2. Во менито кликнете на **Вклучи Wi-Fi (Turn Wi-Fi on)**.
3. Би требало да се појави список со **Wi-Fi мрежи (Wi-Fi networks)**.
4. Ако првата мрежа има знак за штиклирање до неа, тоа значи дека сте поврзани на таа мрежа и на интернет.

Ако Wi-Fi мрежата не е поврзана:

1. Кликнете на иконата **Wi-Fi** за да го видите списокот со достапни мрежи.
2. Можете да видите неколку, како на пример, мрежите на соседите или блиски јавни мрежи. Ако мрежата има знак со катанец до неа, тоа значи дека е заштитена со лозинка.
3. Во списокот со мрежи најдете го името на вашата Wi-Fi мрежа и кликнете на неа.
4. Ќе се појави поле во кое ќе ви се побара да ја внесете лозинката за Wi-Fi мрежата.
5. Внесете ја лозинката внимавајќи сите големи букви и знаци да се совпаѓаат. Можете да кликнете на **Покажи ја лозинката (Show password)** за да проверите дали сте ја напишале точно.
6. Треба да го штиклирате полето **Запомни ја оваа мрежа (Remember this network)**, така што следниот пат вашиот компјутер да се поврзе автоматски.
7. Кога ќе ја внесете лозинката кликнете на **Вклучи се (Join)**.

Полето ќе исчезне и иконата за Wi-Fi ќе трепка неколку секунди. Тогаш сите линии ќе станат црни за да знаете дека се поврзавте на мрежата.




Проверете дали ја внесовте точно лозинката со кликнување на Покажи ја лозинката